Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 19.04.2021 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентните броеви 111822, 110854, 110523 и 112347 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот **Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје** со адреса Кеј 13-ти Ноември бр.6 во Скопје, по барање на корисникот.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 111822, 110854, 110523 и 112347 на корисникот Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје со адреса Кеј 13-ти Ноември бр.6 во Скопје.

Корисникот Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје достави барање од 16.04.2021 година за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 111822, 110854, 110523 и 112347.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: УП1 бр.0802-325
Скопје, 21.04.2021

Изработил: Зоран Билбиловски

Раководител на сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

Советник за радиокомуникации и контрола
и мониторинг на радиофреквенции
Игор Бојаџиев

**Директор**
**Jeton Akiku**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- сектор за финансии
- архива